**Катерина ЃОРГИЕВА**[1] **УДК: 343.1:347.722]:341.24**

# ПРАВА НА ОБВИНЕТИОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**Апстракт:** Правото на државата да казнува се ефектуира преку одлуката на државата да заштити определени добра применувајќи казни и други мерки спрема сторителите на инкриминираните дејствија. Казненото право во поширока смисла на зборот во себе опфаќа три елементи и тоа: казнено-материјално право, казнено-процесно право и право на извршување на санкциите што се применуваат спрема сторителите на кривичните дела. Казнено-процесното право како позитивна научна дисциплина има општ карактер и содржи апстрактни правни норми кои своја конкретизација наоѓаат при преземање конкретни процесни дејствија преземени во текот на кривичната постапка. Најголемата реформа на кривичното процесно законодавство е направена во 2010 година со донесувањето на новиот *акузаторен* Закон за кривична постапка.

Во кривичната постапка начелата кои се применуваат и кои се однесуваат и на обвиниетиот се делат на неколку групи и тоа: основни начела (барање на вистината, правична постапка); начела кои се однесуваат на поведувањето на кривичната постапка (акузаторност, официјалност, легалитет); начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка (контрадикторност, усност, непосредност, јавност);

Од големо значење во кривичната постапка се и субјектите кои би ги дефинирале како лица и органите кои преземаат определени процесни дејствија според процесната положба што ја имаат согласно со одредбите на ЗКП и се јавуваат како носители на определени права и обврски во текот на постапката. Поаѓајќи од поделбата на процесните функции во мешовитата кривична постапка како главни процесни субјекти се јавуваат судот, овластениот тужител, обвинетиот и посебни истражни органи.

Понатаму подетално ќе се задржиме на правата и положбата на обвинетиот во кривичната постапка, за кое се смета дека е лице против кое е насочено кривично гонење, лице против кое се води истрага или лице против кое се води обвинителен акт или обвинителен предлог.

Правата на обвинетиот се определени во повеќе меѓународни инструменти меѓу кои Универзална декларација за човекови права, Европски конвенција за човекови права, Меѓународен пакт за граѓански и политички права.

Според Кривичниот закон секое лице ќе се смета за невино сè додека не се докаже неговата вина со правосилна судска одлука и дека на

[1] Студент на втор циклус студии на Правен факултет, Универизитет „Гоце Делчев“ – Штип

виновникот треба да му се изрече санкција според условите предвидени во Кривичниот закон.

Обвинетитот во кривичната постапка веднаш ќе биде известен дека има право да се брани со молчење, односно ќе му се соопшти зошто е обвинет и ќе се праша дали има нештов во врска со тоа да наведе во корист на негова одбрана, но исто така ќе биде поучен и дека не е должен да ја изнесе својата одбрана и дека има право да се брани со молчење, а тоа нема да му се земе како отежителна околност во текот на постапката.

**Клучни зборови:** *обвинет, Кривичен законик, права на обвинетиот, меѓународни инструменти, кривични санкции*

**Katerina GJORGIEVA**

## THE RIGHTS OF THE ACCUSED IN CRIMINAL PROCEEDINGS

**Abstract:** The rule of the state to punish is effecting through the decision of the country to protect particular goods implementing punishments and other measurements towards the perpetrators of the incriminating actions. The criminal law in wider sense to the word includes three elements: Criminal-material law; Criminal-process Law; and a Law for execution of the sanctions which are implementing against the perpetrators of the criminal act.

The Criminal-process laws as a positive scientific discipline have general character and contain abstract legal regulations which its concretizations found at taking over concrete process actions took over the criminal deed.

The biggest reform of the criminal process legislation is made in 2010 year with the bringing of the new accusative Law for criminal deed.

In the criminal deed the principles which are using and referring to the accused are dividing to few groups: Basic principles (the looking for the truth, legal procedure); Principles which are concerning to the taking of the criminal deed (accusative, formality, legality); Principles which are referring to the running of the criminal deed (contradictory, morality, immediacy, public);

In the criminal deed of the great importance are also the subjects who would be define as persons and the authorities which are taking over specific process actions according to the process condition which are having according to the Law of Criminal Deed and are appearing as a holders of the specific rights and obligation throughout the procedure. On the basis of the distribution of the process functions in the mixed criminal procedure as central process subjects are appearing the court, competent plaintiff, the accused and investigative authorities.

Furthermore, thoroughly we will concern to the right and the condition of the accused in the criminal deed (procedure) which is considered the person

against whom it is oriented the criminal prosecution, a person against whom is going on a bill of indictment or indictment proposal.

The rights of the accused set forth in several international instruments including the Universal Declaration of Human Rights, European Convention on Human Rights, the International Covenant on Civil and Political Rights.

According to the criminal law that a person shall be presumed innocent until proved guilty by a final court decision and that the guilty should be imposed sanction as provided in the Criminal Code.

Accused in criminal proceedings shall be informed promptly his right to remain silent, that will be announced why he is charged and will be asked if there was anything about it to state in favor of his defense, but will also be taught and that it is obliged to present his defense and his right to remain silent, and it will not be taken as an aggravating circumstance during the procedure.

**Key words***: accused,law for criminal deed, the rights of the accused, international instruments, criminal sanctions*

**Вовед**

Правото на државата да казнува се одразува преку одлуката на државата да заштити определени добра применувајќи казни и други мерки спрема сторителите на инкриминираните дејствија. Казненото право во поширока смисла на зборот во себе опфаќа три елементи и тоа: казнено-материјално право, казнено-процесно право и право на извршување на санкциите што се применуваат спрема сторителите на кривичните дела.

Казнено-процесното право како позитивна научна дисциплина има општ карактер и содржи апстрактни правни норми кои своја конкретизација наоѓаат при преземање конкретни процесни дејствија преземени во текот на кривичната постапка.

Кривичната постапка претставува збир од процесни дејствија кои ги преземаат процесните субјекти во случај на основно сомнение дека конкретно лице сторило определено кривично дело.

Кривичната постапка, иако комплексна од аспект на процесните дејствија, насочена е кон една основна цел – на виновниот сторител на кривичното дело врз основа на законски спроведена кривична постапка да му изрече кривична санкција.

Во трудот посебно ќе се осврнеме и на меѓународните инструменти во кои се гарантирани правата на обвинетиот, во кои меѓународни инструменти спаѓаат: Универзалната декларација за човекови права (сите луѓе се еднакви пред законот и сите имаат право националните судови ефикасно да го заштитат од кршење на основните права кои му се признати со Уставот и законот. Никој не може да биде произволно апсен, прогонувам или притворан). Според оваа декларација е предвидено и тоа

дека секој е невин додека неговата вина не се докаже со закон. Никој нема да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст, што не претставувале кривично дело според националното или меѓународното право во времето кога тоа било сторено. Исто така, не смее да се изрече казна поголема од онаа што се применувала во времето кога било сторено кривичното дело.

Исто така и во член 6 од Европската конвенција за човекови права, пак, јасно се  дефинирани стандардите и начелата за фер и правично судење, а посебен акцент е ставен врз судиите во постапката, бидејќи тие се оние кои треба да обезбедат нивно почитување. Секој судија треба на почетокот од судењето да се потсети на обврските кои произлегуваат од оваа Конвенција, а при заклучувањето на постапката да провери дали ја извршил оваа должност. Друг меѓународен инструмент е и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, кој е потпишан и ратификуван од нашата земја, јасно се дефинирани правата на обвинетиот и правичноста на постапката пред суд. Покрај основните, неприкосновени права на човекот кои се гарантирани со пактот, дополнително се регулираат и заштитуваат правата на странките во судска постапка, посебно во посебни околности како на пр. војна. Меѓународното хуманитарно право гарантира одредени елементи на правично судење во услови на вооружен конфликт, посебно оние кои се во тесна поврзаност со основните и со закон и меѓународните конвенции гарантирани, неприкосновени права на човекот т.н. апсолутни права. Меѓу останатите права на човекот заштитени со овој пакт се и еднаквоста на оружјето пред суд, правото на судење пред независен и со закон основан суд, исклучување на јавноста и медиумите кога се изнесуваат податоци од посебен интерес на обвинетиот во постапката. но и информации од државен интерес. Понатаму, дополнително се регулира правото на обесштетување во случај на неправично обвинение, а се гарантира и правото на исто лице да не може да му се суди двапати за истородно кривично дело.

**Општо разгледување на казнено процесно право (КПП)**

Во рамките на правото на државата се заштитата на јавните добра, државните интереси, имотот и интегритетот на личноста како и да пропишува кривични дела и санкции за лицата кои ги загрозуваат, повредуваат или уништуваат. Општопознато е дека кривичната постапка има двојна цел и тоа виновникот да се осуди а невиниот да се ослободи, односно за секого се претпоставува дека е невин сѐ додека во постапката не се уврди спротивното.

Казненото право во себе опфаќа три елементи и тоа:

А) казнено материјално право;

Б) казнено процесно право;

В) право на извршување на санкциите што се применуваат спрема сторителите на кривичните дела.

Под казнено процесно право се подразбира систем од правни норми, со кои се регулираат положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на определени процесни дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи.[2]

Задачата на казнено процесното право е, всушност, да ја утврди и проучи суштината на кривичната постапка, законитоста во настанување на одделните облици на постапки, односите помеѓу процесните странки и другите учесници по постапката, степенот на инкриминирање на меѓународните стандарди во рамките на кривичната постапка, влијанието на определени граѓанско-правни институти од аспект на положбата на оштетениот, како и да систематизира и конкретизира казнено-процесни институти.

Казнено-процесно право се дели на општ и посебен дел.

Општиот дел на казнено-процесно право се занимава со следниве работи, тоа ги изучува основните процесни институти и процесни норми, принципите на казнената постапка, исто така овластените субјекти за преземање на процесните дејствија, докажувањето и доказните средства, како и со мерките за обезбедување присуство на лица и предмети.

Посебниот дел на казненото процесно право, пак, се однесува на текот на казнената постапка. Преку анализа на процесните дејствија, на целта и на овластените субјекти на секоја од фазите, посебниот дел на казнено-процесото право обезбедува конечна претстава за поведувањето, текот и завршувањето на казнената постапка. Во посебниот дел на казнено-процесото право се изучуваат и редовните и вонредните правни лекови, а наедно се прикажани и карактеристиките и разликите што постојат меѓу структурите на посебните форми на казнената постапка редовна, сумарна (скратена) и постапката кон малолетници.

Правната наука содржината на правото ја сфаќа како нешто што треба да биде, нешто што важи и нешто што обврзува. Важењето на казнено-процесното право се опредува со оглед на местото, со оглед на времето и со оглед на лицата. Уредувањето на кривичната постапка во државите е условено од ставот на државата кон граѓаните. Таа на почетокот од својот развој имала карактеристика на акузаторна постапка, подоцна се јавила инквизиторната постапка, а мешовитата се јавила по Француската револуција.

Ќе ги спомениме начелата на кривичната постапка кои се однесуваат

2) Казнено процесно право, Никола Матовски, Гордана Лажетиќ-Бужароска, Гордан Калајџиев, стр.18

на обвинетиот, како што се барање на вистината, правична постапка, акузаторност, официјалност и контрадикторност. Исто така, како субјекти во кривичната постапка кои влијаат врз правата на обвинетиот се судот, јавниот обвинител, оштетениот.

**Права на обвинетиот во одредени законодавства**

Како и во нашиот закон така и според српскиот закон секој ќе се смета за невин сè додека неговата вина не биде правосилно донесена на суд. Исто така, никој не може да биде гонет за кривично дело за кое е ослободен од обвиненијата или во времето на сторувањето на делото тоа не се сметало за кривично дело. Донесената правосилна одлука не може да биде променета на штета на обвиентиот.

Во хрватскиот закон обвинетото лице во кривичната постапка пред и за време на кривичната постапка има право на правен советник, и пред почетокот на постапката обвинетото лице треба да биде поучено дека има право на бранител кој ќе му помага во постапката и да биде присутен во текот на испрашувањето.

Во Соединетите Американски Држави обвинетиот има право на бранител кое право е загарантирано со шестиот амандман од Уставот на Соединетите Американски Држави, во кој е наведено следното: „Во сите кривични постапки обвинетиот има право на брзо и јавно судење од страна на независна порота избрана во рамки на државата и округот во кој е извршено самото кривично дело, чија месна надлежност претходно мора да биде соодветно утврдена со закон, како и да биде информиран за природата и причината за обвинението. Има право да се соочи со сведоците против него, право на повикување сведоци кои ќе сведочат во негова полза, како и право на помош од бранител во текот на одбраната". Меѓутоа оваа заштита е ефективна само доколку е подигнато формално обвинение.

За време на претходните фази на постапката, односно додека лицето се наоѓа во притвор во полиција, осомничениот сепак може да оствари пристап до соодветна помош од својот бранител врз основа на толкувањето на правата за да има соодветна и правична постапка од страна на Врховниот суд на Соединетите Американски Држави, а воспоставени со петтиот амандман.[3]

Понатаму ќе спомненеме за правата на обвинетиот и во француското законодавство, па според воведниот член на француското законодавство во кривичната постапка секое лице кое е осомничено за извршено кривично дело има право на правен советник.[4]

3) file:///C:/Users/MIKI/Downloads/pravo%20na%20branitel%202010

4) Воведен член на Законот за кривична постапка на Франција

**Права на обвинетиот во меѓународните инструменти**

Кога зборуваме за правата на обвинетиот во кривичната постапка треба да спомонеме дека тие се застапени и во меѓународните инструменти, според Европската конвенција за заштита на човекови права така што секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него.

Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат.

Според Европската конвенција за човекови права никој не може да биде казнет за дело кое во текот на сторувањето не се сметало за кривично дело, како и тоа дека изречената казна не може да биде потешка од она што се применувало во текот на извршувањето на кривичното дело.

Секое лице кое е лишено од слобода со апсење или притворање има право на жалба до судот и во тој рок да се разгледа законитоста за тоа лишување од слобода и доколку се утврдат неправилности, односно ако тоа лишување не било законско треба да се нареди негово ослободување.

Според Универзалната декларација за човекови права:

1. Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин сè додека врз основа на законот не се докаже вината на јавен претрес на кој му се обезбедени сите гаранции потребни за негова одбрана.
2. Никој не смее да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст кои не претставуваат кривичо дело по националното или меѓународното право во времето кога се извршени. Исто така, не смее да се изрече потешка казна од онаа која се применувала во времето кога е извршено кривичното дело.[5]

Според Меѓународниот пакт за граѓански и политички права секое лице кое е осудено на смрт има право на помилување или намалување на казната. Исто така, смртната казна не може да биде изречена на лица помлади од 18 години или доколку сторителот на злосторството е бремена жена.

Според овој пакт, исто така, никој не може да биде подложен на мачење, ниту свирепо, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Особено е забрането подложување на некое лице на медицински или научни експерименти без негова слободна согласност.

Секој што е уапсен во моментот на апсење ќе биде известен за причините на апсењето и во најкраток рок ќе му се соопшти какво било обвинение против него. Секој што е уапсен или притворен поради кривично дело во најкраток рок ќе биде изведен пред судија или некој друг службеник со закон овластен да врши правосудна функција и во разумен рок ќе му се суди или ќе биде ослободен.

[5] http://www.amos.org.mk/mak/covekovi/index.htm

Ставањето во притвор на лицата кои очекуваат да им се суди не смее да биде општо правило, меѓутоа пуштањето на слобода може да биде условено со кауција која ќе го осигура присуството на лицата на судењето и во кој било стадиум на судската постапка, како и во случај на потреба заради извршување на пресудата.

Секој што е лишен од слобода по пат на апсење или притворање има право да поднесе жалба до судот со цел судот без одлагање да одлучи за законитоста на неговото притворање и да нареди негово ослободување ако притворањето било незаконско. Секој што станал жртва на незаконско апсење или притворање има право на надомест на штета.[6]

**Права и положба на обвинетиот во кривичната постапка во Република Македонија**

Со развојот на меѓународното право за човекови права во голема мера се промени и нашето законодавство и казнената постапка се менувала со цел да се усогласи со меѓународните норми за човекови права. Досега во неколку наврати споменавме дека обвинетиот во кривичната постапка е лице против кое е поведена кривична постапка. Како и во другите законодавства така и во нашето за обвинет се смета лице против кое е предвиден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесена приватна тужба или пак е поднесен предлог за издавање на казнен налог. Според Законот за кривична постапка изразот обвинет се употребува како назив за осомничен, обвинет и осуден.

Според македонското законодавство секое лице кое е обвинето за кривично дело има право на бранител, а соодветните власти се должни за тоа да го известат приведеното лице. Во Уставот е наведено дека „лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка“.[7]

Според нашето законодавство лицето кое е приведено или лишено од слобода веднаш треба на јазикот кој го разбира да биде известен за причините за кои е лишен од слобода, како и за неговите права.

Обвинетиот во кривичната постапка е лице против кое е насочено кривичното гонење, а како обвинет според ЗКП може да се јави лице против кое е потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна

6) http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politicki-prava.pdf

7) http://www.pravda.gov.mk/documents/ZAKON%20ZA%20KRIVICNATA%20POSTAPKA.pdf

тужба или пак е поднесен предлог за издавање на казнен налог. Изразот обвинет се употребува како општ назив за осомничен, обвинет и осуден.

Обвинетиот е лице против кое се води истрага или против кое е поднесен обвинителен акт, обвинителен предлог или приватна тужба.

Според чл.76 од Законот за кривична постапка обвинетиот ги има следниве права:

– да биде навремено и детално информиран, на јазик што го разбира за делата за кои се товари и за доказите против него;
– да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите и да биде запознаен со доказите против него и во негова корист, како и да комуницира со бранител по сопствен избор;
– да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а доколку нема средства да плати бранител истиот да го добие бесплатно кога тоа го бараат интересите на правдата, а особено тежината на кривичното дело и сложеноста на случајот – слободно да ја изнесе својата одбрана;
– да не биде присилен да даде исказ против себе или своите блиски или да признае вина;
– да има можност да се изјасни за фактите и доказите кои го товарат и да ги изнесе сите факти и докази кои му одат во прилог;
– самиот или преку бранителот да ги испита сведоците против него, како и да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист под исти услови како и сведоците против него;
– да се брани на својот јазик и за тоа бесплатно да му се обезбеди толкувач.

Обвинетиот ќе стане осуден кога со правосилна одлука ќе се одлучи дека тој е одговорен за кривичното дело, а доколку му се изрече правосилна ослободителна пресуда тогаш тој ќе се смета за ослободен од гонењето за определено кривично дело.

Како обвинет во кривичната постапка може да биде само физичко лице и тоа лице со наполнети 14 години, да е душевно здраво односно да е деловно способно и да не спаѓа во категоријата на лица кои уживаат дипломатски имунитет. Значи, според ова може да заклучиме дека децата до 14-годишна возраст не се сметаат за кривично одговорни. Во кривичната постапка обвинение може да се покрене само против живо физичко лице, со што против умрено физичко лице не може да се покрене кривично гонење, а доколку лицето обвинето во постапката умре во текот на постапката истата се сопира.

Постапка против правно лице не може да биде поведена, односно правно лице не може да биде обвинето во кривична постапка.

Обвинетиот во кривичната постапка се јавува во двојна улога и тоа

како процесен субјект и како извор на сознанија за фактите што ќе се утврдуваат пред кривичниот суд.

А) извор на сознанија за фактите што ќе се утврдуваат пред кривичниот суд

Најпрво полицијата ќе го испраша лицето за кое смета дека е сторител на кривично дело, но тоа испрашување не се смета за формално испрашување во својство на сведоци, обвинети или вештаци, туку е само неформално, односно тоа е само т.н. информативен разговор. Исказот што обвинетиот ќе го даде пред полицијата нема да се смета како доказ и ќе биде издвоен од списите кои се издвоени како докази, иако најчесто тоа е најверодостоен извор на сознанија за фактите и начинот на добивањето на неговиот исказ го лигитимира тој исказ како важечки доказ во понатамошната расправа.

Б) Обвинетиот како процесен субјект

Обвинетиот во кривичната постапка е странка па поради тоа ЗКП му гарантира одредени права меѓу кои се право да го познава предметот на обвинението, да се брани сам или со помош на бранител, право на соочување на доказите што се застапени во обвинението, право на увид на списите, право на правен лек и друго. Обвинетиот во кривичната постапка има активна улога во кривичната постапка, така што има право да предлага докази кои судот ќе ги изнесе на главниот претрес, како што има право и на жалба против одлуката на судот. Против обвинетиот може да се преземат присилни мерки како што се приведување, ветување дека нема да го напушти своето живеалиште, притвор кои претставуваат ограничување на правата и слободата на човекот.

Според ЗКП, обвинетиот има право да го отповика својот бранител во текот на постапката а за тоа е должен да го извести судот или веднаш или најдоцна во рок од три дена.

Обвинетитот во кривичната постапка веднаш ќе биде известен дека има право да се брани со молчење, односно ќе му се соопшти зошто е обвинет и ќе се праша дали има нешто во врска со тоа да наведе во корист на негова одбрана, но исто така ќе биде поучен и дека не е должен да ја изнесе својата одбрана и дека има право да се брани со молчење, а тоа нема да му се земе како отежителна околност во текот на постапката.

Според македонскиот законик, кое било лице обвинето за кривично дело (осомничено, обвинето или осудено лице во прва инстанција) има право на бранител[8] и соодветните власти се должни да го поучат повиканото, приведеното или лицето лишено од слобода, за таквото право. Правото на бранител во себе го содржи и правото лицето да се брани само или со помош на бранител по сопствен избор, да му биде дадено доволно време да ја подготви својата одбрана и истата да ја изложи пред непристрасен суд.

8) чл. 69, 70 и 71 од новиот ЗКП. Како и чл. 4, 63 и 66 од ЗКП од 2005 година

Во Уставот е наведено дека: „Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка“.[9]

Според Кривичниот закон постои задолжително применување на поблага казна според кој во член 3 од Кривичниот закон гласи:

(1) Врз сторителот на кривично дело се применува законот што важел во времето на извршувањето на кривичното дело.

(2) Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

(3) Ако со овој закон е пропишана нова алтернативна мерка, мерка на безбедност или воспитна мерка, таа може да се изрече само ако одговара на некоја порано пропишана мерка и ако не е понеповолна за сторителот.[10]

Според Кривичниот закон на нашата држава, член 7, обвинетиот, оштетниот, приватниот тужител, сведоците и другите лица кои учествуваат во постапката, а кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, имаат право при изведувањето на предистражните, истражните и другите судски дејствија и на главниот претрес, како и во постапката по жалба да го употребуваат својот јазик и писмо. Судот ќе обезбеди усно преведување на тоа што лицето, односно другите го изнесуваат, како и на исправите и другиот пишан доказен материјал. Судот ќе обезбеди писмено да се преведе пишаниот материјал кој е од значење за постапката или за одбраната на обвинетиот.[11]

Од сево ова произлегува дека кривичната постапка има една цел, а тоа е на виновниот сторител на кривичното дело врз основа на праведно спроведена кривична постапка да му се изрече санкција.

## Заклучок

Под казнено процесно право се подразбира систем од правни норми, со кои се регулираат положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и услувите за преземање на определени процесни дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи.

Начелата на кривичната постапка овозможуваат подобро разбирање на кривичната постапка, како и тоа дека во однос на субјектите можат да

9) чл. 12, став 3 од Уставот, „Службен весник на РМ“, број 52/2001.

10) file:///C:/Users/MIKI/Downloads/Krivicen_zakonik(precistentekst)_19_31032004%20(2).pdf

11) Закон за кривична постапка, пречистен текст, член 7

се сфатат како помагала во толкувањето на прописите. Начелата кои се однесуваат на обвинетиот и се применуваат во кривичната постапка се делат на неколку групи и тоа: основни начела, начела кои се однесуваат на поведувањето на кривичната постапка, начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка.

Во кривичната постапка како основни начела се: барање на вистината и правична постапка. Начела кои се однесуваат на поведување на постапката се: акузаторност, официјалност и легалитет. Начело, пак, кое се однесува на водење на кривичната постапка е контрадикторност.

Како субјекти во кривичната постапка се јавуваат лица кои преземаат такви процесни дејствија според положбата што ја имаат согласно со ЗКП и се јавуваат како носители на определени права и обврски во постапката.

Во македонското законодавство секое лице кое е обвинето за кривично дело има право на бранител, а соодветните власти се должни за тоа да го известат приведеното лице. Според Уставот на РМ: „Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка".

Според нашето законодавство лицето кое е приведено или лишено од слобода веднаш треба на јазикот кој го разбира да биде известен за причините за кои е лишен од слобода, како и за неговите права кои ги има.

Обвинетиот во кривичната постапка е странка, па поради тоа ЗКП му гарантира одредени права меѓу кои се право да го познава предметот на обвинението, да се брани сам или со помош на бранител, право на соочување на доказите што се застапени во обвинението, право на увид на списите, право на правен лек и друго. Обвинетиот во кривичната постапка има активна улога во кривичната постапка така што има право да предлага докази кои судот ќе ги изнесе на главниот претрес, како што има право и на жалба против одлуката на судот. Против обвинетиот може да се преземат присилни мерки како што се приведување, ветување дека нема да го напушти своето живеалиште, притвор, кои претставуваат ограничување на правата и слободата на човекот.

Според ЗКП, обвинетиот има право да го отповика својот бранител во текот на постапката, а за тоа е должен да го извести судот или веднаш или најдоцна во рок од три дена.

Обвинетитот во кривичната постапка веднаш ќе биде известен дека има право да се брани со молчење, односно ќе му се соопшти зошто е обвинет и ќе се праша дали има нешто во врска со тоа да наведе во корист на негова одбрана, но исто така ќе биде поучен и дека не е должен да ја изнесе својата одбрана и дека има право да се брани со молчење, а тоа нема да му се земе како отежителна околност во текот на постапката

**Користена литература**

**Книги:**


Антонио Касезе, Меѓународно кривично право, Просветно дело, 2009

Axen v. the Federal Republic of Germany, 8 December 1983

Robert Cruer, Hakan Fiman, Daryyl Robinson and Elizabeth Wilmshurst, An introduction to International Criminal law and procedure, 2007

Владимир Бајер, Казнено процесно право, Народне новине, Загреб, 1995.

Jane Turer and David Lawton, Criminal Litigation, 2000

Давор Крапич, Казнено процесно право, Загреб, 2007.

Diennet v. France , 26 September 1995

Fischer v. Austria, 23 April 1997

Камбовски, Владо, Меѓународно казнено право, Просветно дело, Скопје 1998.

Камбовски Владо, Организиран криминал, Просветно дело, Скопје, 2005.

Камбовски Владо, Меѓународно казнено право, Просветно дело, Скопје, 1998.

Камбовски Владо, Казнено право - Општ дел, Просветно дело, Скопје, 2004.

Кривичен законик (пречистен текст)

Никола Матовски, Гордана Лажетиќ-Бужаровска, Гордан Калајџиев – Казнено процесно право, Скопје, 2009.

Стојанович З.Перич, О Кривично право-општи део, правна књига, Београд, 2009.

Schuler-Zgraggen v. Switzlerland, 24 June 1993

Stallinger and Kuso v. Austia, 23 April 1997

The Hague Programme: Ten priorities for the next five years: a partnership for European renewal; Strategic objectives 2005-2009, Europe 2010: a partnership for Europe renewal, COM(2005)12, 26.01.2005


**Интернет:**


http://www.pravdiko.mk/kako-se-odviva-postapkata-na-ispituvan-e-na-obvinet/

http://polis.osce.org

http://forum.kajgana.com

http://www.jpacademy.gov.mk

http://mk.wikipedia.org

http://www.slvesnik.com.mk

http://forum.kajgana.com

http://europa.eu.int/scadplus/leg/en/lvb/l33214.htm.

http://www.tfb.edu.mk/files/materials/PrasanjaJakost2.pdf
http://www.pravdiko.mk/ispituvane-na-osomnicheniot-obvinetiot-spored-noviot-zkp/
http://www.pravo.org.mk/europeancourt.php?id_doc_group=194
http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf/ffc0feee91d7bd9ac1256d280038c474/a2f2ba0a4ad2953c125716b0047c3e7?OpenDocument
http://slavkoblog.wordpress.com
http://www.pravda.gov.mk/documents/ZAKON%20ZA%20KRIVICNATA%20POSTAPKA.pdf
http://www.icccpi.int/Menus/ICC/About+the+Court/Frequently+asked+Questions/
http://www.pravdiko.mk/ispituvane-na-osomnicheniot-obvinetiot-spored-noviot-zkp/
http://www.healthrights.mk
*http://www.pravdiko.mk/ispituvane-na-osomnicheniot-obvinetiot-spored-noviot-zkp/*
*http://www.pravo.org.mk/europeancourt.php?id_doc_group=194*
*http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf/ffc0feee91d7bd9ac1256d280038c474/a2f2ba0a4ad2953c125716b0047c3e7?OpenDocument*
*http://slavkoblog.wordpress.com*
*http://www.pravda.gov.mk/documents/ZAKON%20ZA%20KRIVICNATA%20POSTAPKA.pdf*
*http://www.icccpi.int/Menus/ICC/About+the+Court/Frequently+asked+Questions/*
*http://www.pravdiko.mk/ispituvane-na-osomnicheniot-obvinetiot-spored-noviot-zkp/*
*http://www.healthrights.mk*